**нормативно-правна регулатива**

*Виолета МАЛИНСКА-ПЕТРУШЕВСКА*

# КОН РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА РЕЗОЛУЦИЈАТА ЗА ТРЕТАТА ЕВАЛУАЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА "ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ" ВО ЕВРОПСКИОТ РЕГИОН (1996-1997)

На Четириесет и шестата сесија на Регионалниот комитет на Светската здравствена организација за Европа, што се одржа од 9-13 септември 1996 година во Копенхаген, донесена е Резолуција за Третата евалуација за спроведување на Стратегијата "Здравје за сите" во Европскиот регион (1996-1997).

Во оваа резолуција се подвлекува важноста од имплементацијата на стратегијата "Здравје за сите" со усвоените и иновираните во 1991 година 38 цели на здравствената политика во Европа, меѓу кои гледано од наш аспект посебно значење е **целта (3).** Македонија овие цели ги прифати во април 1993 година, кога стана полноправен член на Светската здравствена организација.

Во **цел 3** од Резолуцијата е нагласено:

"***Подобри можности за луѓето со онеспособеност***"

До 2000-тата година, на луѓето со онеспособеност треба да им се овозможи да водат социјално, материјално и духовно исполнети животи обезбедувајќи им специјални погодности што ги подобруваат нивните релативни физички, општествени и економски можности (способности). Оваа цел е со намера да:

- обезбеди еднакви можности;
- го подобри статусот на луѓето со онеспособеност;
- овозможи на луѓето со онеспособеност да го подобрат квалитетот на живеењето и да го развиваат сопствениот здравствен потенцијал.

Во Резолуцијата се нагласува дека оживотворувањето на овие цели може да се постигне со **стратегии** преку кои:

- во јавноста да се промовира позитивен однос кон луѓето со неспособеност;
- да се создаваат услови за безбедни (не ризични средини);

- да се промовираат рехабилитациони програми и обезбедат социјални служби што ќе овозможат посоодветни услови за самостојното извршување на секојдневните животни функции на хендикепираните лица;
- да им се обезбедат услови на овие лица за самостојно извршување на животните функции;
- на оние лица што неможат самостојно да ги обавуваат своите секојдневни животни функции, и на нивните семејства или негуватели да им се обезбедуваат специјални услуги и помош.

Евалуација за реализцијата на оваа цел во нашата Република ќе се направи по пополнувањето и сумирањето на одговорите од компетентни стручни и научни работници што работат во оваа област и ја покриваат оваа проблематика. Притоа евалуацијата ќе се засновува на одговорите на прашањата дадени во следниот формулар:

## *ФОРМУЛАР ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ЦЕЛТА*

(се внесуваат само насловите)

| | |
|---|---|
| 1. | Нова или повторно утврдена развојна политика (цели, приоритети, главни насочувања); |
| 2. | Нови стратегии и промени во менаџментот (законодавството, раководните структури, спогодби, итн.; |
| 3. | Нови активности за спроведување на политиките и стратегиите; |
| 4. | Нови развојни промени во информирањето, мониторингот и во процесот на евалуацијата; |
| 5. | Главни проблеми и ограничувања; |
| 6. | Статистички показатели на развојот (трендови на релевантните индикатори на ЗЗС); |
| 7. | Севкупна проценка на прогресот. |

Почитувани читатели, се надеваме дека до излегувањето на наредните броеви од ова списание ќе ги добиеме вашите видувања, оценки и предлози во врска со дадените седум точки во овој формулар што ќе ги насочат анализите и сумирањата на резултатите и ќе бидат од посебен придонес за натамошното подобрување на квалитетот на живеењето на онеспособените лица и напорите за поцелосно решавање на сложениот комплекс на проблеми поврзани со ваквите лица и нивните семејства.

Ова списание со посебно внимание ќе ги следи вашите активности како и трудовите за кои ќе биде обезбеден соодветен простор за нивно публикување.